Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

# “ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ПУОО)”

Република Северна Македонија

## ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ




Април 2025

## Содржина


**1. ВОВЕД И ОПИС НА ПРОЕКТОТ ........ 4**

**1.1 Вовед** ........ 4

**1.2 Опис на проектот и дополнително финансирање** ........ 5

**1.3 Придобивки од проектот** ........ Error! Bookmark not defined.

**1.4 Цели и обем на Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)** ........ 11

**1.5 Правна рамка за вклучување на засегнатите страни** ........ 11

**1.5.1 Правна рамка и релевантни документи** ........ 11

**1.5.2 Правна рамка на национално законодавство** ........ 12

**1.5.3 Стандарди на Светска банка за животната средина и социјалните аспекти за вклучувањето на засегнатите страни** ........ 13

**2. УТВРДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ........ 14**

**2.1 Мапирање на засегнатите страни** ........ 14

2.2 Резиме на активностите на засегнатите страни за време на подготовката на ДФ........23

2.3 Резиме на претходни активности за вклучување на засегнатите страни од основниот проект и научени лекции........23

**3. ПРОГРАМА ЗА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ........ 24**

**3.1 Вовед** ........ 26

**3.2 Цел и времетраење на ПВЗС** ........ 26

**3.3 Предложена стратегија за објавување на информации** ........ 27

**3.4 Предлог стратегија за инклузија и комуникација со ранливите групи** ........ 27

**3.5 Акциски план** ........ 28

**3.6 Преглед на коментари** ........ 31

**3.7 Планирани активности за информирање и комуникација** ........ 31

**4. РЕСУРСИ И ОДГОВОРНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ........ 32**

**4.1 Ресурси** ........ 32

**4.2 Функции и одговорности на раководството/вработените** ........ 33

**5. МЕХАНИЗАМ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОПЛАКИ (МПП) ........ 33**

**5.1 Повратни информации до подносителот на поплаката/коментарот во врска со донесеното решение** ........ 33

**5.2 Систем на Светска банка за решавање по поднесени поплаки** ........ 35

**6. МОНИТОРИНГ И ПОДНЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ ........ 35**

**7. ПРИЛОЗИ ........ 36**

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ДИЦ | Државен испитен центар |
| ПУОО | Проект за унапредување на основното образование |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| ПЛУОЖССА | План за управување со обврски за животна средина и социјални аспекти |
| РЖССА | Рамка за животна средина и социјални аспекти |
| ЕСС | Стандарди за животна средина и социјални аспекти |
| МПП | Механизам за поднесување поплаки |
| ЧР | Човечки ресурси |
| ИБРД | Меѓународна банка за реконструкција и развој |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| СОНК | Синдикат за образование, наука и култура |
| СС | Стручни соработници |
| ИНСЕТ | Професионален развој на наставниците |
| МФ | Министерство за финансии |
| ПРЕСЕТ | Обука на кандидати за наставници |
| НО | Невладини организации |
| ЗБР | Здравје и безбедност при работа |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој |
| УРП | Училишни развојни планови |
| ЕУП | Единица за управување со проектот |
| СНРС | Стратегија за набавки и развој на проектот |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ПВЗС | План за вклучување на засегнатите страни |
| ДЗС | Други заинтересирани страни |
| ПДО | Програма за државно оценување |
| УСАИД | Агенција за меѓународен развој на САД |
| СБ | Светска банка |
| ИСР | Извештај за светскиот развој |
| РПУ | Развојна програма на училиштето |
| ДТ | Државно тестирање |
| КДТ | Концепт за државно тестирање |
| ПУОЖССА | Прашалник за управување со обврски за животна средина и социјални аспекти |
| ПР | Професионален развој |
| | ДФ Дополнително финансирање |

# 1 ВОВЕД И ОПИС НА ПРОЕКТОТ

## 1.1 Вовед

Проектот за унапредување на основното образование го спроведува Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Проектот се спроведува низ целата држава, во урбани, полу-урбани и рурални средини.

Проектот придонесува кон развивањето на вештините и проширување на можностите за најранливите категории, за подобрување на квалитетот и важноста на образованието и поддршка на нови инвестиции во основното образование преку i) зголемување на квалитетот на наставата во основните училишта, ii) пилотирање на нови методологии за следење на постигнувањата на учениците, обезбедување соодветна поддршка за учење на ранливите категории на ученици и ученици од етничко малцинство и решавање на недостатоците во наставната програма; и iii) подобрување на перформансите на наставниците и нивниот кариерен развој – кои ќсе бидат опфатени во овој проект.

Засегнати страни се дефинираат како лица или групи кои се директно или индиректно погодени од проектот, како и оние кои можат да имаат интерес за проектот и/или можност да влијаат позитивно или негативно на неговиот исход.

Проектот влијае на широка група на засегнати страни како што се наставници, ученици, родители, службени лица од локалната самоуправа, ранливи категории итн.

Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) е дизајниран да воспостави ефективна платформа за продуктивна интеракција со потенцијално засегнатите страни и останатите страни, во чиј интерес се резултатите од Проектот за унапредување на основното образование во Република Северна Македонија (ПУОО). Вклученоста на засегнатите страни во текот на целиот проект е од суштинско значење за добро управување со проектот и обезбедува можности за Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија (МОН) да ги вклучи повратните информации од засегнатите страни во дизајнот на проектот, да ги процени ризиците, мерките за ублажување и истовремено да го објасни обемот на проектот и неговите влијанија.

**Целта на овој ПВЗС е да информира како засегнатите страни ќе бидат вклучени во текот на целиот проект, нивните претходни ангажмани и вклученост во рамките на проектот ПУОО и воедно да ги наведе одговорностите и ангажманот на релевантните институции и изведувачи во спроведувањето на претстојните активности.**

Овој документ ги идентификува главните засегнати страни во чиј интерес е проектот, вклучени директно или индиректно (вклучително и ранливите групи), како и оние со останати интереси кои можат да влијаат на проектот. Овој документ ги вклучува реализираните и планираните активности, како и низа стратегии за навремено, релевантно и континуирано учество на засегнатите страни во текот на целиот проектен циклус. Планот е подготвен во согласност и со примена на стандардот 10: Вклучување на засегнати страни и информирање, од Рамката за животна средина и социјални прашања на Светска банка.

### 1.2 Опис на проектот и дополнително финансирање

Владата на Северна Македонија бара одобрување за дополнително финансирање (ДФ) за Проектот за унапредување на основното образование (PEIP, IBRD заем бр. 9182-MK), за да ги зголеми активностите кои се успешни во рамките на главниот проект.

Овие средства дополнително ќе ја зголемат ефикасноста на развојот на, со фокус на понатамошно зајакнување на условите за учење за најдискриминираните деца во основното образование и ќе ја унапредат дигиталната трансформација на основното образование. Овие напори се во согласност со приоритетите на Владата за образование, утврдени во Програмата за работа на Владата за периодот 2024-2028, особено во образовниот сектор. Клучните приоритети за основното образование вклучуваат создавање на потребна инфраструктура за едносменска настава и програма за продолжена настава (целодневна настава), промовирање на дигитализацијата и вложување во професионалниот развој на наставниците.

**Во согласност со овие приоритети, дополнителното финансирање ќе вклучува:** (i) пилотирање на моделот на проширена програма (ПП) и олеснување кон премин во едносменска настава (ЕН); (ii) воведување компјутерски базирано тестирање (КБТ) за националното тестирање во 5-то одделение, коешто се спроведува од страна на Државниот испитен центар (ДИЦ); и (iii) обезбедување целосна поддршка за професионален развој на наставниците, со фокус на критичните области идентификувани како „болни точки" – како што се ниските нивоа на читање со разбирање, утврдени во последните национални тестирања – и на клучни приоритети за воспоставување на висококвалитетен и цврст образовен систем, вклучувајќи развој на дигитални и зелени компетенции.

**Компроненти на проектот**

**<u>КОМПОНЕНТА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕЊЕТО НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ</u>**

Дополнителното финансирање има за цел да ги зголеми активностите во рамките на главниот проект и да воведе последователни реформи кои дополнително ќе ги подобрат условите за учење.

**<u>Под-компонента 1.1 Развојни програми на училиштата (РПУ) и грантови</u>**

Главниот проект се фокусираше на подобрување на процесот на развојни програми (РП) и финансирање на поврзани активности на училиштата. Поради тоа што системот на развојни програми сега е воспоставен и докажано ефикасен, постои доверба во неговиот модел. Дополнителното финансирање ќе се гради врз таа основа, поддржувајќи понапредни РП, придонесувајќи кон постепеното реализирање на моделот на проширена настава во избрани училишта. Моделот на проширена настава го продолжува училишниот ден, што е клучна реформа, бидејќи кратките училишни денови се идентификувани како клучна пречка за постигнување подобри резултати на учениците. За да се искористи продолжениот училишен ден и да се осигура дека повеќе часови ќе значат подобро учење, моделот на проширена настава исто така поддржува подобрена средина за учење, поттикнувајќи соработничко, интердисциплинарно и искуствено учење, и интегрира вонннаставни и проектни активности вградени во пошироката заедница. Владата веќе разви регулаторна рамка, вклучувајќи

оперативен прирачник за имплементација на вонnаставни активности. Преку отворен повик, ќе бидат доделени грантови на училишта кои ќе покажат како планираат да ги вклучат активностите во рамки на проширената настава или различни форми на проширена настава во нивните РПУ. Грантовите ќе се користат од страна на училиштата за подобрување на условите за учење за активностите во рамки на проширената настава, вклучувајќи набавка на опрема, дидактички материјали и дополнителни ресурси за поддршка на различни потреби за учење. Со надградување на процесот на РПУ, кој беше фокус на главниот проект, оваа активност дополнително ќе ја зајакне улогата на училиштата како столб на реформскиот процес и ќе ги подобри условите за учење. Оваа иницијатива ќе служи како пилот за проширување на пристапот на проширена настава, кој допрва треба да се имплементира, иако е наведен во Концепцијата за основно образование, кој вклучува предложена рамка и активности за неговата имплементација. Предвидено е на околу 20 училишта кои веќе преминале на едносменска настава (ЕН) да имаат поддршка во вид на грант, во рамките на оваа под-компонента. Покрај финансиската поддршка, избраните училишта ќе добијат техничка помош (ТП) за да им се помогне подобро да ја структуираат училишната програма, да дизајнираат програми усогласени со интересите на учениците и да организираат вонnаставни активности во согласност со официјалните правилници во оваа област кои ги изработи Министерството за образование и наука. Дополнително, ќе добијат насоки за структуирање на дополнителните часови за поддршка на учениците кои имаат потреба од дополнителна помош. Како дел од пилотот, ќе се обезбеди обука за директорите на училишта за зајакнување на менаџерските капацитети во насока на активностите за проширена настава, додека наставниците ќе стекнат вештини за проектно-базирано учење, формативно оценување, критичко и соработничко размислување, развивање индивидуални образовни планови и следење на напредокот на учениците – особено во клучни области како што се математичка и јазична писменост.

**<u>Под-компонента 1.2: Подобрување на средината за учење</u>**

Главниот проект ја поддржа надградбата на основната средина за учење, поддржана од централни инвестиции. Дополнителното финансирање (ДФ) ќе продолжи да ја поддржува надградбата на инфраструктурата на училиштата, но ќе се фокусира на преминот кон едносменска настава, со што директно ќе се справи со предизвикот на кратките училишни денови. ДФ ќе обезбеди поддршка за надградба на инфраструктурата на 20 училиишта кои претходно ќе бидат посочени од Министерството за образование и наука (МОН) како училишта кои исполнуваат минимум услови потребни за преминување кон едносменска настава. Покрај надградбата на средината за учење, проектот ќе интегрира робусни мерки за климатска адаптација и мерки за ублажување при изградба на новите училници. Поконкретно, ДФ ќе ги поддржи финансиски училиштата кои имаат потреба од нови училници за преминување кон едносменска настава. Овие нови училници, секаде каде што ќе биде возможно, ќе вклучуваат енергетски ефикасни системи, како што се LED осветлување, соларни панели, изолација со висока изведба, паметни термостати, системи за управување со енергија и двојно стакло, заради намалување на емисијата на стакленички гасови и намалување на потрошувачката на енергија, со цел не само да се исполнат, туку и да се надминат барањата за енергетска ефикасност согласно Законот за енергетска ефикасност на Северна Македонија. Овие училишта ќе бидат сместени во високо густо населените урбани

области и ќе служат на голем дел од учениците од ранливи категории. Преминувањето кон моделот на едносменска настава е во согласност со планот за оптимизација на мрежата на основни училишта, кој веќе е развиен од страна на МОН во рамките на главниот проект. Дополнително, проектот ќе ги разгледа можностите за вклучување на системи за собирање дождовна вода и подобрени решенија за дренажа за ефикасно управување со дождовните води, со што ќе се ублажат ризиците од екстремни временски непогоди, како што се поплави и недостиг на вода. Процесите на дизајн и изградба ќе ја нагласат на употреба на одржливи и локално набавени материјали, додека уредувањето на просторот ќе вклучува автохтони и отпорни на суша растителни видови со цел да се промовира локалниот биодиверзитет и да се зголеми отпорноста на климатски флуктуации.

**Под-компонента 1.3: Промовирање на отчетност преку споделување информации**

Целта на ДФ во рамките на оваа под-компонента ќе биде да ја поддржи имплементацијата на алатката за транспарентност „Моето училиште", за подобрување на транспарентноста и отчетноста во основното образование, за којашто дизајнот е подготвен во рамките на главниот проект.

## КОМПОНЕНТА 2: РЕФОРМА НА СЛЕДЕЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ПРОГРЕС ВО УЧЕЊЕТО

Главниот проект ја поддржа имплементацијата на првото државно тестирање во основното образование. Предложеното ДФ има за цел да продолжи со јакнење на реформите во проценката на учењето на учениците, преку воведување на компјутерски-управувано спроведување на државното теститање, како последователна реформа предвидена во Концепцијата за државно тестирање за основното образование.

**Под-комонента 2.1 Развој на Државното тестирање (ДТ)**

Оваа под-компонента обезбедува техничка помош за МОН и Државниот испитен центар (ДИЦ) за развој на концептот за Државно тестирање, утврден во Законот за основно образование, како и за зајакнување на релевантниот капацитет на ДИЦ во однос на човечки, технички и финансиски ресурси. Проектот го поддржжува развојот и спроведувањето на најмалку два циклуси на тестирање за јазична и математичка писменост во 3-то и 5-то одделение. Акцентот на тестирањето е насочен кон мерење на клучните способности на основна математичка писменост (математика) и јазична писменост. (т.е. мајчин јазик/ наставен јазик).

**Под-компонента 2.2 Максимално користење на резултатите од ДТ на министерско и училишно ниво**

Откако е развиено и спроведено, резултатите од ДТ се користат при креирање на реформи во образовните политики на ниво на министерство и при преземање на активности на ниво на училиште. Ова подразбира обезбедување на техничка помош и обука на овие две нивоа за анализа на податоци, пишување извештаи и донесување на одлуки засновани на докази.

На засегнатите страни во образовниот сектор (МОН, ДИЦ, БРО, ДПИ) им се обезбедуваат обуки поврзани со толкување и анализа на податоците од ДТ со цел нивно користење за идните реформи на образовните политики. Дополнително ќе се обезбедат обуки за инспекторите, за пишување на извештаи за евалуација на училиштето кои се јасни, специфични и применливи. Ваквите извештаи ќе бидат од исклучителна важност за училиштата при развивање на нивните развојни програми.

За училиштата опфатени во примерокот, ќе се обезбеди обука за директорите на училиштата за тоа како да ги толкуваат и да постапуваат според резултатите од ДТ на ниво на училиште, додека обуката за наставниците ќе се фокусира на тоа како да им помогне да ги толкуваат и да постапуваат според резултатите од ДТ на ниво на ученик. Дополнително, прилагодените извештаи ќе им бидат достапни на другите заинтересирани страни како локални власти, родители и академска заедница.

**<u>Под-компонента 3.2 (ново): Премин кон компјутерски-базирано тестирање на постигнатите резултати од учење</u>**

Додека главниот проект се фокусираше на воведување на државно тестирање на хартија, за учениците во 3-то и 5-то одделение, предложеното ДТ во рамките на оваа под-компонента ќе ја поддржи транзицијата на дигитализирано тестирање на резултатите од учењето на учениците во 5-то одделение. Оваа транзиција кон дигитално тестирање има за цел да ја зголеми флексибилноста на распоредите и локациите за тестирање, корисноста на податоците и да доведе до заштеда на трошоци, додека истовремено ќе го зајакне процесот на тестирање. Воведувањето на КБТ (дигитален) формат за тестирање може исто така да придонесе за овозможување на целосна дигитална транзиција на училиштето, во сите негови компоненти (ученици, наставници и сл.) преку опремување на училиштата со дигитална инфраструктура. ДТ ќе ја поддржи дигиталната администрација на тестирањето за 5-то одделение преку развој на сеопфатен софтвер за тестирање, набавка на преносни компјутери, обука на персоналот на Државниот испитен центар (ДИЦ), миграција на тест содржините и спроведување на пилот студија во избрани училишта.

**<u>КОМПОНЕНТА 3. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И ДИРЕКТОРИТЕ НА УЧИЛИШТАТА</u>**

Главниот проект помогна во воспоставувањето на национален систем за професионален развој на наставниците. ДП се фокусира на поцелосен пристап, кој се фокусира со специфичните „болни точки“ идентификувани преку TEACH алатката, резултатите од државното тестирање и приоритетите на Владата.

**<u>Подкомпонента 3.1 Спроведување на стандардите за наставници, стручни соработници и директори на училиштата</u>**

Северна Македонија ги има развиено овие стандарди, но сега истите треба внимателно да ги спроведе. Исто така, треба да се развијат патеки за кариерен развој за овие професии за да се стимулираат вработените кои работат во овие области.

Целта на оваа под-компонента е да ги имплементира стандардите преку развој на патеки за кариерен развој на наставниците, зајакнување на капацитетот на сите релевантни засегнати страни (МОН, БРО и ДПИ) и ставање во пракса на новите позиции на ментор-наставник и советник-наставник.

**Под-компонента 3.2 Модернизирање на професионалниот развој на наставниците (ИНСЕТ);**

ДП е добро позициониран да се надгради врз реформите воведени со главниот проект, кои вклучуваа изработка на каталог на обуки за професионално учење базирани на стандарди за наставници, акредитација на провајдери на обука, спроведување на обуки и мониторинг на обуките. Како продолжение на овој процес, ДФ ќе поддржи два дополнителни циклуси на обуки, кои ќе вклучуваат 16 часа професионален развој. Овие циклуси се фокусираат на клучни образовни предизвици идентификувани преку државното тестирање и базичниот извештај на TEACH: подобрување на читањето со разбирање поради слабите резултати на тестовите и развој на дигитални и зелени вештини во согласност со приоритетите на Планот за раст на ЕУ. Спроведувањето на овие програми ќе се реализира како програми од национален интерес, кои спаѓаат под задолжителни согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование. Обуката за читање со разбирање ќе биде насочена кон наставниците од одделенска настава од 1-4 одделение, додека обуката за дигитални и зелени вештини ќе биде насочена кон наставниците од предметна настава во 5-9 одделение. Ова ќе биде прв пат во земјата да се спроведе задолжителна обука од национален интерес.

**Подкомпонента 3.3 Воведување измени во обуката на кандидатите за наставници и изборот на нови наставници**

Бидејќи новите наставници кои ја започнуваат професијата се недоволно подготвени за истата, треба да се преземат мерки за подобрување на иницијалното образование на наставниците, изборот во професијата наставник и континуирана почетна обука на наставници приправници во првите години на работа. Ако иницијалното образование на наставниците (ПРЕСЕТ) не може значително да се ревидира, еден од начините за подобрување на обуката на студентите на педагошките факултети (новите наставници) за влез во настава е со подобрување на i) обука и менторство на студенти-наставници за време на нивната пракса во училиштата (ПРЕСЕТ) и ii) обука и менторство на нови приправници - наставници додека тие го поминуваат процесот на воведување во наставата, а потоа стануваат наставници. Новите позиции на ментор-наставник или советник-наставник уредени во новиот закон може да ја обезбедат оваа улога.

**КОМПОНЕНТА 4. УПРАВУВАЊЕ НА СЕКТОРОТ, РАКОВОДЕЊЕ СО ПРОЕКТОТ И МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА (М&Е)**

Во рамките на предложеното ДФ за Компонента 4, дополнителни ресурси ќе бидат искористени за трошоци за управување со проектот и активности за мониторинг и евалуација (М&Е), за дополнителното време за имплементација на сите дополнителни активности. Министерството за образование и наука (МОН) ќе продолжи да биде одговорно за извршување на активностите на проектот, користејќи ги постојните структури со поддршка од

веќе воспоставената Единица за управување со проектот (ЕУП). Донесувањето одлуки ќе се спроведува од МОН во координација со Бирото за развој на образованието (БРО), Државниот испитен центар (ДИЦ) и Државниот просветен инспекторат (ДПИ).

**Под-компонента 4.1 Подобрување на ефикасноста на секторот заснована на докази**

За да се превенира фискалната неефикасност во секторот потребна е изработка на студија, при што Владата на РСМ ќе може да донесе одлуки засновани на докази за подобрување на ефикасноста. Во однос на ефикасноста на секторот, потребни се дополнителни анализи на две прашања, оптимизација на мрежата на училишта и на формулата за финансирање. Проектот ќе го поддржи Министерството за развој на акционен план за оптимизација на училиштата и пилотирање на некои од опциите со заинтересираните општини. Сите одлуки и измени кои ќе ги направи Министерството ќе бидат засновани на резултатите и препораките од направените студии.

**Под-компонента 4.2 Управување, мониторинг и евалуација на проектот**

Оваа под-компонента исто така ќе го поддржува секојдневното раководење и спроведување на активностите од проектот и ќе врши мониторинг и евалуација на проектните цели и резултати. Исто така, преку оваа под-компонента ќе се финансираат активности кои ќе обезбедат ефективна администрација и имплементација на проектот.

### 1.3 Придобивки од проектот

Предложената цел за развој на ПУОО е да ги подобри условите за учење во основното образование.

Клучните очекувани резултати на Проектот се:

1. Одреден дел училници со подобрена средина за учење на примарно ниво што произлегува од проектните интервенции;
2. Одреден дел на имплементирани Развојни програми на училиштата кои користат податоци за успешност и алатки за следење за подобрување на учењето на учениците.
3. Одреден дел на училници со подобрен квалитет на наставните практики мерени со алатка за набљудување на наставниците во одделението;

**Проектот има за цел да ги зајакне неодамнешните напори на Северна Македонија во предучилишно и основно образование преку зголемување на пристапот до квалитетно основно образование на национално ниво.** Директните корисници на проектот ќе вклучуваат ученици од основно образование, но фокусот ќе биде ставен на ранливите категории на ученици. Овие категории на ученици се очекува да имаат корист од подобреното учење и физичката средина во нивните училишта, како и од подобро обучените наставници. Наставниците за основно образование, директорите на училиштата и стручните соработници ќе имаат бенефит од поефикасен професионален развој и напредување во кариерата, наставните средства и грант програмата за имплементирање на нивните развојни програми.

### 1.4 Цели и обем на Планот за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС)

Вклучување на засегнатите страни е инклузивен процес кој ќе се спроведува за време на целиот проект. Кога е правилно дизајниран и имплементиран, планот поддржува развој на силни, конструктивни и отворени релации кои се важни за успешно управување со ризиците за животната средина и социјалните ризици идентификувани во проектот. Честата и јасна комуникацијата со засегнатите страни уште во рана фаза на проектот помага за справување со очекувањата и избегнувањето на ризици, потенцијалните конфликти и одложувања на проектите. Покрај тоа, планот помага во управувањето со очекувањата на засегнатите страни, што ќе има влијание во текот на целиот проект. Оттука, овој ПЗВС обезбедува план за ефективна интеракција со засегнатите страни за поддршка на интересите на проектот.

Со цел да се обезбеди јасна и непречена комуникација помеѓу сите заинтересирани и засегнати страни, Министерството за образование и наука го изготви овој план за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС), со кој се спроведува вклучување на засегнатите страни во согласност со законите на Република Северна Македонија, како и барањата на Светска банка (ЕСС стандарди).

Клучните цели на ПВЗС може да се сумираат во:

- Разбирање на правилата и прописите за вклучување на засегнатите страни согласно законодавството во РСМ;
- Давање насоки за вклучување на засегнатите страни со тоа што ќе бидат исполнети стандардите на СБ;
- Идентификување на клучните засегнати страни и/или оние кои можат да влијаат на проектот и неговите активности;
- Идентификување на најефикасните методи, времето и структурите преку кои може да се споделуваат информациите за проектот и да се обезбеди редовна, достапна, транспарентна и соодветна консултација;
- Развивање на процесот на вклучување на засегнатите страни при што ќе им се понуди можност да влијаат на планирањето и дизајнот на проектот;
- Воспоставување на формални механизми за поднесување поплаки / решавање поплаки;
- Дефинирање на улогите и одговорностите за имплементација на ПВЗС;
- Дефинирање на мерките за известување и следење со цел да се обезбеди ефикасност на ПВЗС и периодични прегледи на ПВЗС врз основа на наодите.

**Овој ПВЗС постојано ќе се ажурира како што ќе се спроведуваат под-проектите.**

### 1.5 Правна рамка за вклучување на засегнатите страни

#### 1.5.1 Правна рамка и релевантни документи

Иако Северна Македонија започна да ги воспоставува елементите на посовремен образовен систем, сепак постојат неколку области кои треба да се реформираат и бараат итно внимание. Владата има сеопфатна стратегија за образование за 2018-2025[1] година која е започната со

[1] Извор: (МОН, 2018), Сеопфатна стратегија за образование за 2018-25 година, Министерство за образование и наука, Скопје.

имплементација во 2018 година и вклучува неколку активности кои се важни за подобрување на квалитетот и проценката на образованието, како што се:

(i) Зајакнување на компетентноста на наставниот кадар на сите образовни нивоа;
(ii) Зајакнување на капацитетот за управување и лидерство на ниво на централна и локална власт, како и во училиштата и обезбедување усогласени и транспарентни политики;
(iii) Развивање на државно тестирање до 2020 година и нов концепт за државната матура, особено за учениците од средните стручни училишта.

Два закона - за основно образование и за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта - се усвоени (јули 2019 година и јануари 2025) од Владата на РСМ. Во законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта се воведени четири категории на наставници (приправник, наставник, ментор и советник), со кои се разликуваат професионалните компетенции поврзани со секоја од овие категории во однос на знаењето, вештините и вредностите, како и претставување на новиот модел на професионален развој кој ќе се воведе. Примената на овие законски одредби е во тек ( ментори во 2020 и советници во 2022).

#### 1.5.2 Правна рамка на национално законодавство

- Устав на Република Северна Македонија (број 08-4642-17.11.1991) - членот 16 од Уставот на Македонија гарантира „пристап до информации и слобода на прием и споделување на информации".
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија " бр.101/19)
- Закон за основно образование (Службен весник Република Северна Македонија бр. 161/2019, 229/20, 3/25);
- Закон за Биро за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/2006; 142/2008; 148/2009, 69 / 2013,120 / 2013, 148/2013, 41/2014 ,30 / 2016, 64/2018 година);
- Закон за државен испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/2008, 148/2009,41/2014, 55/2016, 142/2016 и 64/2018);
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161 / 2019);
- Закон за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41 / 2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018);
- Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/14, 145/15, 192/15, 30 / 16, 120/18 и 140/18);
- Закон за буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16);
- Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 55/2016 и 127/2016 година);

- Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019-број 18-5437 / 1);
- Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019-број 18-4879 / 1);
- Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта по подрачја („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. бр.161/2019);
- Правилник за професионалните стандарди за звањата наставник-ментор и наставник советник и начинот на стекнување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019);
- Правилник за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005 број 18-4283 / 1).

### 1.5.3 Стандарди на Светска банка за животната средина и социјалните аспекти за вклучувањето на засегнатите страни

СБ пропишува сеопфатна група конкретни Стандарди за животната средина и социјалните аспекти (ЕСС), кои се очекува да бидат исполнети од страна на проектите. Вклучувањето на засегнатите страни согласно условите на Светска банка е поврзано со ЕСС 10 во кој се признава „важноста на отвореното и транспарентното ангажирање на заемопримачот со засегнатите страни на проектот, како основен елемент на добрата меѓународна практика."
Конкретно, условите пропишани со ЕСС10 се:

- Заемопримачите ќе соработуваат со засегнатите страни во текот на целиот проект, започнувајќи ја соработката што е можно порано во процесот на развој на проектот и во временска рамка што овозможува значителни консултации со засегнатите страни за дизајнирање на проектот. Природата, обемот и зачестеноста на вклучување на засегнатите страни ќе бидат пропорционални на природата и обемот на проектот и неговите потенцијални ризици и влијанија;
- Заемопримачите ќе се вклучат во значајни консултации со сите засегнати страни. Заемопримачите ќе им обезбедат на засегнатите страни навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации и ќе се консултираат со нив на соодветен начин, без манипулација, мешање, принуда, дискриминација и заплашување;
- Процесот на ангажирање на засегнатите страни ќе го вклучува следново, како што е утврдено подетално во овој ЕСС: (i) идентификација и анализа на засегнатите страни; (ii) планирање како ќе се одвива соработката со засегнатите страни; (iii) откривање на информации; (iv) консултација со засегнатите страни; (v) адресирање и одговор на поплаки; и (vi) известување до засегнатите страни;
- Заемопримачот, како дел од проценката на животната средина и социјалните аспекти, ќе води документирана евиденција за вклучувањето на засегнатите страни, вклучувајќи опис на засегнатите страни со кои се направени консултации, резиме на добиените одговори и кусо објаснување како тие се земени предвид или причините зошто не се." (Светска банка, 2017: 98).

Планот за вклучување на засегнатите страни е пропорционален на природата и обемот на проектот и неговите потенцијални ризици и влијанија треба да ги изработи заемопримачот. Истиот треба да се објави што е можно порано, а заемопримачот треба да го земе предвид

ставот на засегнатите страни за ПВЗС, вклучително и за идентификација на засегнатите страни и предлозите за идно вклучување. Доколку се направат значителни измени во ПВЗС, Заемопримачот треба да го објави ажурираниот ПВЗС. Според ЕСС10, Заемопримачот исто така треба да предложи и спроведе механизам за поплаки за навремено да ги прими и за да го олесни олесни решавањето на загриженоста и поплаките на страните засегнати од проектот, поврзани со справувањето со животната средина и социјалните аспекти на проектот.

Идентификувањето на засегнатите страни ќе обезбеди широко учество во прифаќањето и дизајнирањето на проектот. За да се осигура дека постои учество на граѓаните во текот на целиот проект, изготвен е ПВЗС кој јасно го предвидува процесот на консултација и откривање на клучните информации за проектот што ќе бидат објавени јавно и релевантни засегнати страни што ќе бидат вклучени за време на подготовката и спроведувањето на проектот.

## 2. УТВРДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Со ЕСС 10 на Светска банка се препознаваат следниве категории на засегнати страни:

- Засегнати страни од проектот;
- Други заинтересирани страни;
- Загрозени / ранливи поединци или групи.

Засегнатите страни од проектот ги вклучуваат оние лица кои веројатно би биле засегнати од проектот поради реални влијанија или потенцијални ризици по нивното физичко опкружување, здравјето, безбедноста, културните практики, благосостојбата или егзистенцијата. Овие засегнати страни може да вклучуваат поединци или групи, вклучително и локалните заедници. Ова може да бидат лица или домаќинства кои најверојатно ги набљудуваат/чувствуваат промените од влијанијата врз животната средина или социјалните аспекти.

Терминот „Други заинтересирани страни" (ДЗС) се однесува на: поединци, групи или организации кои имаат интерес за проектот, што може да биде поради локацијата на проектот, неговите карактеристики, неговите влијанија или прашања поврзани со јавниот интерес. На пример, овие лица/групи може да вклучуваат регулатори, владини службеници, приватен сектор, научна заедница, академици, синдикати, организации на жени и други граѓански организации и културни групи.

Особено е важно да се разберат влијанијата на проектот и дали тие можат несразмерно да влијаат на загрозени или ранливи лица или групи, кои често немаат глас да ги изразат своите загрижености или не можат да ги разберат влијанијата на проектот.

Ранливи поединци или групи за ПУОО - (деца со попреченост, деца Роми, деца од домаќинства со ниски приходи и други).

### 2.1 Мапирање на засегнатите страни

Засегнатите страни се дефинираат како поединец/институција (агенција)/организација што може да влијае или на која може да влијае проектот ПУОО.

Со цел да се дефинира процесот на комуникација со засегнатите страни, идентификувани се неколку групи кои можат да бидат заинтересирани и/или погодени од спроведувањето на проектот и тие се претставени на Табела 1.

Причината е што постојат различни прашања што веројатно ги засегаат различните засегнати страни и затоа се групираат различни типови на заинтересирани страни врз основа на нивните влијанија врз проектот.

Раното разбирање на влијанијата или врските на групата засегнати страни со проектот помага во идентификувањето на клучните цели на нивното вклучување. За оваа цел, беше спроведена вежба за мапирање на засегнатите страни за да се идентификува важноста на секое засегнато лице/група, да се процени влијанието што го имаат засегнатите страни врз проектот и/или начинот на кој проектните активности потенцијално ќе влијаат на засегнатите страни. Како што ќе се развива проектот, може да бидат идентификувани и вклучени и други групи на засегнати страни.

Засегнатите страни имаат свои одговорности според кои се поделени во посебни групи; различни одговорности се опишани за секоја група во истата табела 1.

### Табела 1

### Релевантни засегнати страни за проектот ПУОО

| Категорија | Засегната страна | Под-група/ Оддел/ Сектор | Одговорности |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Засегнати страни од проектот | Локални и регионални власти | ▪ Општини<br>▪ Основни училишта<br>▪ Училишни одбори<br>▪ Училишни комисии | - Поддршка на МОН и ЕУП за ефикасно спроведување на ПУОО;<br>- Моделирање на локални училишни мрежи;<br>- Зајакнување на влијанието врз општинскиот буџет на формулата за распределба на средства по глава на ученик;<br>- Вклучување во процесот на кариерен развој на наставниците, стручните соработници и директорите на училиштата;<br>- Поддршка за јавна комуникација за подобра соработка со општините и информирање на јавноста;<br>- Промовирање на отчетност на училиштата преку споделување информации;<br>- Воспоставување (или ревидирање на составот) на училишни комисии;<br>- Вклучување во подготовка на иновативна развојна програма на училиштето;<br>- Вклучување во процесот на самоевалуација;<br>- Организирање на фокус-групи со родителите;<br>- Организирање на "отворен ден" во училиштата за родителите на деца од ранливи категории (Роми, домаќинства со ниски приходи, ученици со попреченост итн.) со цел покренување на прашања за потенцијална дискриминација, врсничко насилство итн;<br>- Организирање на онлајн презентации/инфо-сесии поврзани со релевантните проектни активности со цел вклучување и вметнување на потребите на ранливите категории. |
| Засегнати страни од проектот | Финансиски институции и приватни компании | ▪ Светска банка;<br>▪ Доставувачи на опрема; Изведувачи/даватели на консултантски услуги. | - Обезбедување финансиска поддршка за реализација на проектот;<br>- Следење на спроведувањето на стандардите за безбедност и здравје при работа и на стандардите за животната средина во сите фази на проектот;<br>- Учество на јавноста согласно ЕСС10 на СБ и националното законодавство. |
| Засегнати страни од проектот | Училишен персонал и локална заедница | ▪ Наставници;<br>▪ Ученици;<br>▪ Родители;<br>▪ Училишни одбори;<br>▪ Стручни соработници;<br>▪ Директори на училишта. | -Учество во подготовка на Развојна програма;<br>-Учество во подготовка на училишниот извештај за самоевалуација;<br>-Организација и учество во фокус групи; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други заинтересирани страни | Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија | ▪ Министерство за образование и наука:<br>- Сектор за основно образование;<br>- Сектор за нормативно-правни работи;<br>- Одделение за стратешко планирање и анализа;<br>- Сектор за финансиски прашања. | - Обезбедување на правилно и ефективно спроведување на проектот ПУОО во корелација со националното законодавство и барањата на СБ;<br>- Обезбедување на правна основа за спроведување на Државното тестирање;<br>- Измени и дополнувања на соодветната законска рамка;<br>- Промовирање на отчетност преку споделување информации за училиштата со засегнатите страни;<br>- Обезбедување грантови за имплементација на Развојните програми на училиштата со иновативни Развојни програми и ранливи групи ученици;<br>- Обезбедување на техничка помош и финансирање при надградби во основната инфраструктура во училиштата;<br>- Обезбедување на техничка помош и финансирање за набавка на мултифункционални лаборатории за ИКТ и наука, како и опремување на библиотеки, со мебел и опрема соодветна на возраста;<br>- Обезбедување на наставни средства, како што се книги соодветни на возраста и нивото, средства за учење (предмети, играчки и игри), постери итн;<br>- Спроведување на анализа за оптимизација на училиштата и формулата за финансирање;<br>- Обезбедување на потребни водичи и упатства за општините;<br>- Преглед на функционалноста на механизмот на праговите и останатите елементи на формулата за распределба со особено внимание на праведноста и ефикасноста;<br>- Дизајнирање на акциски план за реформа на распределбатата на блок дотациите за основно образование, вклучително и стратегија за отстранување на механизмот на праговите;<br>- Операционализирање на стандардите (за наставници во основно образование);<br>- Развој на кариерни патеки за наставниците, стручните соработници и директорите на училиштата;<br>- Ревидирање на мандатот на Министерството и засегнатите институции, како што се БРОДПИ, во врска со стандардите и оценувањето на наставниците и зајакнување на нивниот капацитет од аспект на човечки, технички и финансиски ресурси. |
| Други заинтерес ирани | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други заинтересирани страни | Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија | ▪ Биро за развој на образованието (БРО) | - Поддршка на МОН и ЕУП за ефикасно спроведување на ПУОО;<br>- Реформа на ИНСЕТ;<br>- Подобрување на поддршката за наставниците (преку лица и ресурси за учење);<br>- Ревидирање на содржината на ПР;<br>- Обезбедување стимулации и зајакнување на отчетноста за ПР;<br>- Анализа за проценка на знаењето и компетентноста на наставниците;<br>- Подобрување на начините за проценка на знаењето и компетенциите на наставниците;<br>- Развивање рамка за подобрување на училиштето за сите училишта со фокус на подобрување на резултатите од учењето кај учениците во согласност со препораките од извештајот на ОЕЦД за 2019 година;<br>- Спроведување на модулите и следење на ефикасноста во подобрувањето на знаењето на наставникот;<br>- Подобрување на обуката ПРЕСЕТ преку зајакнување на преминот од обука за приправник до наставник;<br>- Обука на раководителите на училиштата/училишните одбори да ја користат рамката за самооценување, што ќе помогне да се идентификуваат потребите на нивното училиште при што предност ќе се даде на учењето на нивните ученици;<br>- Вклучување во кариерниот развој на наставниците и стручните соработници и директорите . |
| Други заинтересирани страни | Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија | ▪ Државен испитен центар (ДИЦ) | - Поддршка на МОН и ЕУП за ефикасно спроведување на ПУОО;<br>- Развивање на концептот на Државно тестирање со МОН;<br>- Развивање и администрација на најмалку два циклуси на тестирање за јазична писменост и математика во 3 и 5 одделение;<br>- Обезбедување обука за директорите на училиштата за тоа како да ги толкуваат и постапуваат според резултатите од државно тестирање на ниво на училиште. |
| Други заинтересирани страни | Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија | ▪ Државен просветен инспекторат (ДПИ) | - Поддршка на МОН и ЕУП за ефикасно спроведување на ПУОО,<br>- Поддршка при дизајнот и спроведувањето на курсеви за обука на инспектори;<br>- Вклучување во кариерниот развој на наставниците и стручните соработници и директорите. |
| Други заинтерес ирани страни | Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија | ▪ Министерство за финансии,<br>- Сектор за буџет и финансии | - Распределба на буџет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други заинтересирани страни | Невладини организации и професионални здруженија | ▪ Претставници на локалната самоуправа;<br>▪ НВО ЗМАИ (Здружение на млади аналитичари и истражувачи);<br>▪ СОНК (Синдикат за образование наука и култура);<br>▪ Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ - ЗЕЛС;<br>▪ Медиуми;<br>▪ Општа јавност. | - Вклучување на заедниците, пред сè родителите и учениците во самоевалуација и подготовка на развојната програма;<br>- Вклучување во кариерниот развој на наставниците и стручните соработници и директорите. |
| Загрозени / ранливи лица или групи | | ▪ Ученици Роми;<br>▪ Родители;<br>▪ Ученици и родители од домаќинства со ниски приходи;<br>▪ Ученици со попреченост. | - Учество во фокус групи;<br>- Учество во подготовка на развојна програма;<br>- Учество во подготовка на извештај за самоевалуација на училиштата;<br>- Учество во отворените училишни денови. |

Листата на засегнати страни за време на спроведување на проектот ќе се ажурира постојано и тие ќе бидат вметнати во ПВЗС.

ЕУП ќе ги дискутира прашањата со секоја група на засегнати страни во зависност од нивната улога, одговорност и важност како засегната страна. Следниот приказ ги содржи главните прашања кои ќе бидат дискутирани со засегнатите страни.

***Приказ 1: Главни прашања кои ќе бидат дискутирани со различни групи на засегнати страни***

**Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија (заинтересирани страни)**

-Измени и дополнувања на постоечката законска рамка;
-Рамка за подобрување на училиштето;
-Грантови за спроведување на развојните програми за училиштата со иновативни развојни програми и ранливи групи на ученици;
-Финансирање во надградба на основната училишна инфраструктура;
-Анализа на училишната оптимизација и формулата за финансирање;
-Операционализирање на стандардите (за наставници во основното образование);
-Кариерен развој за наставници и стручни соработници и директори;
-ИНСЕТ;
-ПР содржини;
-ПРЕСЕТ;
-КДТ;
-Обука за инспектори.

**Локална и регионална власт вклучително и училишен персонал (засегнати страни)**

- Поддршка во односите со јавноста за подобрување на соработката со општините и информирање на јавноста;

- Промовирање на отчетноста на училиштата преку споделување на информации;

-Кампања за информирање и едукација на јавноста;

- Поддршка на националните институции во обезбедувањето потребни информации;

- Поддршка во организирање на различни настани (фокус групи, консултации, инфо-сесии, отворени училишни денови итн.).

**Невладини организации и професионални здруженија (заинтересирани страни)**

-Активности за вклученост на граѓаните вклучително ученици, родители, НВО, локална самоуправа;

-Вклученост на граѓаните – членови на Училишен одбор (наставници, родители, ученици, соработници, основач) ангажирани во подготовката на развојната програма;

-Јавна консултација со училишните совети на родители за дискутирање на апликациите за училишни грантови.

**Финансиски институции и приватни компании (засегнати страни)**

-Усогласеност со националните регулативи и барања на Светска банка (СБ);

-Вклученост на граѓаните и засегнатите страни;

-Подобрување на квалитетот на образовниот систем/резултатите од учење на учениците.

**Локална заедница (загрозени /ранливи лица или групи)**

-Фокус групи со родители за ефективни статегии за учење за да се поттикне присуството на училиште, да се обезбеди дополнителна настава за слабите учениции, да се подобрат резултатите од учењето кај ранливи групи како што се учениците Роми посебно девојчиња Роми, ученици со попреченост, ученици од домаќинства со ниски приходи итн;
-Отворен ден во училиштата за родители на ученици од ранливи групи (Роми, домаќинства со ниски приходи, ученици со попреченост) со цел да се покренат прашања за потенцијална дискриминација, врсничко насилство и сл;
-Онлајн презентации /инфо-сесии поврзани со релевантни активности на проектот со цел да се вклучат и инкорпорираат потребите на ранливите групи.

Различни методи на комуникација ќе се користат соодветно за секоја група на засегнати страни. Воглавно, ова вклучува: а) Јавни и индивидуални состаноци, б) Огласи во медиуми и портали, в) Обезбедување на општи информации за огласни табли на јавни локации, д) Редовна кореспонденција преку пошта и е-маил и објавување на релевантни информации за проектот на веб страната на Министерство за образование и наука (http://www.mon.gov.mk) и други релевантни институции.

Постојат различни техники што се користат за градење на однос со засегнатите страни, за собирање информации од засегнатите страни, консултации со засегнатите страни и дисеминација на информациите за проектите до засегнатите страни.

При избор на соодветна техника за консултации, потребно е да се земат предвид соодветните методи на консултација и целта за соработка со групата на засегнати страни. Најчесто користените техники се претставени во следната табела.

**Табела 2**

**Техники за ПВЗС за секоја група засегнати страни**

| Техника на ангажирање | Релевантни засегнати страни | Соодветно спроведување на техниката |
|---|---|---|
| Кореспонденција (телефон, е-пошта, текстуални пораки) | ▪ Министерство за образование и наука:<br>- Сектор за основно образование;<br>- Сектор за нормативно-правни работи;<br>- Одделение за стратешко планирање и анализа;<br>- Сектор за финансии;<br>▪ БРО- Биро за развој на образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар;<br>▪ ДПИ- Државен просветен инспекторат;<br>▪ Министерство за финансии;<br>▪ Основни училишта;<br>▪ НВО;<br>▪ Општини. | ▪ Доставување информации до претставници од Владата, НВО, локална самоуправа и организации/агенции/училишта/здруженија;<br>▪ Покана до засегнатите страни на состаноци и последователни средби. |
| Средби еден на еден | ▪ Министерство за образование и наука:<br>- Сектор за основно образование;<br>- Сектор за нормативно-правни работи;<br>- Одделение за стратешко планирање и анализа;<br>- Сектор за финансии;<br>▪ БРО- Биро за развој на | ▪ Барање ставови и мислења;<br>▪ Овозможување на засегнатите страни слободно да зборуваат за чувствителни прашања;<br>▪ Градење лични односи;<br>▪ Водење записници од состаноците. |

| Техника на ангажирање | Релевантни засегнати страни | Соодветно спроведување на техниката |
|---|---|---|
| | образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар;<br>▪ ДПИ- Државен просветен инспекторат;<br>▪ Министерство за финансии;<br>▪ Основни училишта;<br>▪ НВО;<br>▪ Општини. | |
| Формални состаноци | ▪ Министерство за образование и наука:<br>- Сектор за основно образование;<br>- Сектор за нормативно-правни работи;<br>- Одделение за стратешко планирање и анализа;<br>- Сектор за финансии;<br>▪ БРО- Биро за развој на образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар;<br>▪ ДПИ- Државен просветен инспекторат;<br>▪ Министерство за финансии;<br>▪ Основни училишта. | ▪ Презентирање на информациите од проектот пред група засегнати страни;<br>▪ Овозможување на групата да коментира – мислења и ставови;<br>▪ Воспоставување однос со засегнатите страни од повисоко ниво;<br>▪ Дисеминација на техничките информации;<br>▪ Водење на записници од дискусиите. |
| Онлајн состаноци/ електронски истражувања /корепонденција преку социјалните медиуми | ▪ Министерство за образование и наука;<br>▪ БРО- Биро за развој на образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар;<br>▪ ДПИ- Државен просветен инспекторат;<br>▪ Министерство за финансии;<br>▪ Основни училишта;<br>▪ Родители;<br>▪ Ученици;<br>▪ Општини. | ▪ Презентирање на информациите од проектот пред групата на засегнати страни;<br>▪ Инволвирање на засегнатите страни во дискусијата;<br>▪ Спроведување истражувања на различни теми;<br>▪ Примање и давање на повратни информации;<br>▪ Дисеминација на информации;<br>▪ Овозможување на групата да ги искаже своите мислења и ставови. |
| Јавни/онлајн состаноци | ▪ Министерство за образование и наука:<br>- Сектор за основно образование;<br>- Сектор за нормативно-правни работи;<br>- Одделение за стратешко | ▪ Презентирање на информациите за проектот и изменувањата и дополнувањата на законската регулатива пред поголема група на засегнати страни (МОН, БРО, ДИЦ, ДПИ итн.);<br>▪ Овозможување на групата да ги |

| Техника на ангажирање | Релевантни засегнати страни | Соодветно спроведување на техниката |
|---|---|---|
| | планирање и анализа;<br>- Сектор за финансии;<br>▪ БРО- Биро за развој на образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар;<br>▪ ДПИ- Државен просветен инспекторат;<br>▪ Министерство за финансии;<br>▪ Основни училишта. | искаже своите мислења и ставови;<br>▪ Воспоставување односи со засегнатите страни, особено со оние кои се особено засегнати;<br>▪ Доставување нетехнички информации;<br>▪ Учество на состаноците со презентации, постери и слично;<br>▪ Водење записници од дискусиите, коментарите, прашањата. |
| Фокус групи | ▪ Ученици;<br>▪ Родители;<br>▪ Родители на ранлива група на ученици (Роми, семејства со ниски приходи, ученици со попреченост)<br>▪ Училишни одбори;<br>▪ Училишни совети;<br>▪ НВО;<br>▪ Општини;<br>▪ СОНК. | ▪ Презентирање на информациите од проектот пред групата на засегнати страни;<br>▪ Овозможување на засегнатите страни да ги споделат своите ставови на целната базична информација, особено за (ранливи категории, лица со попреченост итн.);<br>▪ Воспоставување на односи со заедниците;<br>▪ Водење записници од реакциите. |
| Проект на веб страна/ Центар за информации | ▪ Министерство за образование и наука;<br>▪ БРО- Биро за развој на образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар;<br>▪ ДПИ -Државен просветен инспекторат;<br>▪ Министерство за финансии;<br>▪ Основни училишта. | ▪ Презентирање на информациите од проектот и ажурирање за напредокот;<br>▪ Објавување на ПВЗС и останатата релевантна документација на проектот. |
| Радио/ТВ емисии/портали | ▪ Министерство за образование и наука;<br>▪ БРО- Биро за развој на образованието;<br>▪ ДИЦ- Државен испитен центар. | ▪ Организирање Радио и Тв емисии за зголемување на свеста за проектот при што ќе се дозволат прашања и одговори. |
| Флаер за проектот | ▪ Министерство за образование и наука. | ▪ Кратки информации за проектот за да се овозможи редовно ажурирање;<br>▪ Подетални информации за проектот. |

## 2.2 Резиме на активности на засегнатите страни за подготовката на дополнително финансирање

Во рамките на подготовките за потребната документација и процедури поврзани со дополнителното финансирање, беше спроведена мисија за поддршка на имплементацијата, а се направи и предоценка на проектот.
Тимот на Светската банка, заедно со претставници од Министерството за образование и наука (МОН) и Единицата за имплементација на проектот (ЕИП), одржа серија консултативни средби со клучните засегнати страни – меѓу кои се Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат – со цел да се процени напредокот во спроведувањето на сите компоненти од проектот.
За време на мисијата, исто така, беше оценета состојбата со набавките, како и клучните аспекти поврзани со финансиите, социјалното влијание и управување со животната средина во рамките на проектот.

## 2.3 Резиме на претходни активности за вклучување на засегнатите страни од основниот проект и научени лекции од претходните ангажмани

Основниот проект се одликува со силен дизајн на вклучување на граѓаните, кој ќе продолжи да се спроведува и унапредува и преку дополнителното финансирање (ДФ), со цел вклучување на сите засегнати страни во текот на дизајнирањето и имплементацијата на проектот.
Како дел од активностите за вклучување на засегнатите страни и за ефикасна имплементација на ПУОО, Министерството за образование и наука (МОН) и Единицата за управување со проектот (ЕУП), редовно одржуваат координативни состаноци со Бирото за развој на образованието (БРО), Државниот испитен центар (ДИЦ) и Државниот просветен инспекторат (ДПИ). Дополнително, ЕУП има блиска соработка со сите основни училишта и со општините како нивни основачи.
Пред секоја активност што произлегува од компонентите на проектот, до општините се испраќаат официјални дописи потпишани од министер, со кои се претставува конкретната активност и се бара нивно мислење за следните чекори.

Преку активностите од основниот проект, ЕУП стекна значително искуство во соработка со граѓански организации кои работат во областа на образованието, заштитата на животната средина и поддршката на ранливи лица и групи.

Во рамките на поткомпонента 1.1, основниот проект ги поддржа инклузивните процеси преку училишните развојни програми (УРП). Овие развојни програми им помагаат на училишните тимови да соработуваат во насока на подобрување на резултатите од учењето и промовирање на надоместување на изгубеното учење. УРП беа развиени со активна вклученост на локалните заедници, вклучувајќи родители, ученици, наставници, стручни соработници (СС) и локалните власти, кои заедно го сочинуваат училишниот одбор на секое училиште.
Иако училиштата имаат автономија во подготовката на УРП, училишните одбори се консултираат за време на изработката и можат да дадат предлози за подобрување врз основа

на повратни информации од нивните заедници. Овој вклучителен процес овозможува да се чуе гласот на засегнатите страни и се осигурува дека постојат затворени повратни циклуси. Грантови беа доделени на училишта само во оние случаи кога УРП рефлектира активна вклученост на заедницата преку документирано учество на училишниот одбор.

За поддршка на транспарентноста и вклученоста на засегнатите страни, сите релевантни проектни документи се објавени на веб-страницата на МОН, а воспоставен е и механизам за поплаки. За поголема промоција на воспоставениот Механизам за поплаки, беше изготвен информативен флаер со најважните информации за постоењето на механизмот, начините за поднесување на жалба и чекорите за нејзино разгледување. Флаерот беше дистрибуиран преку електронска пошта до сите релевантни засегнати страни, вклучително и основните училишта.

- **Научени лекции од активностите со засегнатите страни**

1. Раното и континуирано вклучување на засегнатите страни се покажа како клучно за градење доверба, обезбедување транспарентност и развивање заедничко чувство на сопственост врз резултатите од проектот. Редовната комуникација помогна во усогласување на очекувањата и овозможи полесна имплементација.

2. Соработката со училиштата и општините овозможи вредни увиди во локален контекст и потреба, особено при работа со ранливите категории. Нивното вклучување ја подобри релевантноста и прилагодливоста на проектот.

3. Механизмите за повратна информација и партиципативните пристапи – како што се јавни консултации, анкети и прашалници – одиграа клучна улога во идентификување на тековни проблеми и навремено прилагодување на проектните активности.

4. Јасно дефинираните улоги и одговорности меѓу засегнатите страни помогнаа да се избегне дуплирање на напори и да се обезбеди ефикасна координација.

5. Активностите со засегнатите страни ја зајакнаа одговорноста и одржливоста, бидејќи членовите на заедницата станаа поангажирани во успехот на проектот. Нивното активно учество исто така придонесе за подобра прифатеност и ефект на интервенциите.

6. Ограничениот капацитет на училиштата за спроведување на активностите во рамки на Грант програмата бараше дополнителни напори од ЕУП за навремена реализација. Врз основа на искуството со 31 училиште кои беа корисници на грант – особено нивната недоволна способност за финансиско и управување со набавки – се заклучи дека за идни слични активности би се спроведувале централизирани набавки.

# 3 ПРОГРАМА ЗА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

## 3.1 Вовед

За време на подготовката на ПВЗС, дизајнирани се различни начини за комуникација и споделување на информации за сите идентификувани засегнати страни во согласност со нивните потреби. Процесот на вклучување ќе се искористи за да се добијат предлози / коментари за активностите на проектот, што би можело да се одрази на дизајнот на проектот при што релевантните групи на засегнати страни би имале огромна придобивка. МОН смета дека навременото вклучување на различни засегнати страни може да овозможи успех на проектот.
Заинтересираните страни на ПУОО се идентификувани со цел да се детектираат различните барања за консултации. Заинтересирани страни вклучуваат лица или групи кои се:

- директно и / или индиректно под влијание на проектот;
- се заинтересирани за проектот и неговите активности;
- имаат способност да влијаат на самиот проект и неговиот конечен исход.

## 3.2 Цел и времетраење на ПВЗС

Активностите за вклучување на засегнатите страни ќе се одвиваат за време на целиот проект (подготовка на проектот, оформување и операционализација).

Заинтересираните страни ќе бидат вклучени што е можно порано и ќе продолжат со ангажманот во текот на планирањето, спроведувањето, па сѐ до завшрување на проектот.

Природата и фрекфенцијата на последователните консултации ќе се разликуваат во зависност од фазата на имплементација на проектните активности.

Пред започнување со ПУОО, сите засегнати страни ќе бидат информирани за активностите на проектот и за контактите на кои можат да се обратат за дополнителни информации. Тие, исто така ќе бидат информирани и за достапноста на јавно достапните информации на веб страната на МОН.

Клучни принципи за комуникација се:

- Информирање на заедницата и клучните засегнати страни однапред за напредокот на проектот;
- Поттикнување на учество на засегнатите страни;
- Обезбедување информации (без да бидат затечени) за клучните засегнати страни и заедницата;
- Слух за повратните информации, испитување и усвојување на истите кога е возможно;
- Транспарентност.

Грант координаторот и специјалистите за социјални аспекти при ЕУП ќе бидат одговорни лица за имплементација на ПВЗС за времетраењето на целиот Проект и ќе бидат одговорни за комуникација со заедниците.

Исто така сите изведувачи одговорни за извршување на конкретни проектни активноси ќе бидат обврзани да се придржуваат до соодветните одредби во ПВЗС.

### 3.3 Предложена стратегија за објавување на информации

Министерството за образование и наука ќе ги обезбеди сите релевантни информации за ПУОО за јавноста (социјални медиуми, национални и локални ТВ и радио станици). Сите заинтересирани и засегнати страни ќе можат да ги најдат следниве документи на веб-страницата на МОН (www.mon.gov.mk):

- *План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС) за ПУОО вклучувајќи го и механизмот за поднесување пополаки;*
- *Прашалник за управување со обврските за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУОУЖССА);*
- *План за управување со обврските за управување со животната средина и социјалните аспекти*
- *(ПЛУОУЖССА);*
- *Оперативен прирачник на проектот;*
- *Стратегија за набавки и развој на проектот (СНРС).*

Овие документи ќе останат објавени цело време додека трае проектот. ПВЗС ќе биде периодично ажуриран.

Сите информации во врска со ПУОО ќе бидат достапни на веб-страницата на МОН и социјалните медиуми кои ќе служат како медиумска алатка / канал за комуникација со заедницата. Исто така, ќе бидат вклучени информации во врска со Механизмот за поднесување поплаки (достапен подолу). Сите заинтересираните страни, вклучително и јавноста ќе можат да го користат Механизмот за поднесување поплаки.

Информациите пред и за време на спроведувањето на проектот ќе бидат достапни преку брошури или летоци во училиштата.

Во однос на процедурите на СБ за заштита на животната средина, за проектите кои се **класифицирани со умерен ризик ќе се подготви прашалник ПУОЖССА**.

Подготвените документи во врска со заштитата на животната средина, ПУОЖССА и ПЛУОЖССА, ќе бидат јавно достапни на веб-страницата на МОН за доставување коментари во рок од 14 дена од објавувањето.

### 3.4 Предлог стратегија за инклузија и комуникација со ранливите групи

Идентификуваните ранливи групи на проектот вклучуваат, но не се ограничени на: ученици Роми, девојчиња Роми, ученици со попреченост, ученици кои доаѓаат од домаќинства со ниски приходи.

Проектот ќе направи интензивен напор да ги таргетира сите горенаведени групи. Како дел од својата стратегија за видливост/комуникација, проектот ќе ги промовира и истакне социјалните придобивки за загрозените групи и поединци во општеството, како што се сиромашните лица, лицата со попреченост и социјално исклучените лица.

ПУОО ќе продолжи да ги консултира и да ги вклучува сите релевантни засегнати и заинтересирани страни во различни фази на планирање и спроведување на овој проект.

ПУОО ќе организира различни техники за вклучување на ранливите групи. Дел од техниките ќе вклучуваат, но нема да се ограничат на: фокус групи со родители на ученици од ранливи групи, отворени училишни денови, онлајн презентации/ инфо-сесии / консултации и сл. Ризикот ќе се проценува преку двостепен пристап: (i) преку проценка на животната средина и социјалните аспекти за секој под-проект (ПОЖССА протокол за училишта со повеќе ученици од ранливи категории) со што ќе се процени ризикот и ќе се предложат соодветни мерки за ублажување, кои, следствено, ќе бидат интегрирани во дизајнирање на проектите и (ii) преку процес на вклучување на засегнатите страни. Втор степен ќе бидат активности во рамки на училиштето, особено за училишта со повеќе деца кои доаѓаат од ранлива група, преку техниките спомената погоре. Проектот ќе биде проактивен во барањето ставови од ранливата група родители и деца, особено во подготовката на развојните планови. Училиштата со поголем број ромски деца или / и попреченост и / или деца кои доаѓаат од најсиромашни семејства ќе имаат пообемни, фокусирани и насочени активности и проактивен пристап.

| Целни групи | Стратегија |
|---|---|
| Ученици и родители Роми<br><br>Ученици со попреченост<br><br>Ученици од домаќинства со ниски приходи | • Ангажирање на локални невладини организации кои работат со ранливи лица на ниво на заедница за да помогнат во ширењето информации и организирање консултации;<br>• Проектот ќе организира посебни сесии за консултации (на пример, состаноци и фокус-групи);<br>• Проектот ќе користи различни мерки за комуникација, вклучително и здруженија на жени или организации за да допре до жените;<br>• Проектот ќе користи различни мерки за комуникација, вклучително и сите релевантни невладини организации за да допре до различни ранливи групи;<br>• Проектот ќе користи различни мерки, вклучувајќи услуги за советување и поддршка за решавање на родови прашања во образованието, како што се работилници за родови прашања, застапување и медиумски кампањи;<br>• Ќе бидат организирани отворени училишни денови за ранливите групи;<br>• Имајќи ја предвид COVID-19 пандемијата, може да се организираат различни онлајн активности, како што се презентации и / или информации за проектни активности, консултации, истражувања, состаноци итн. |

### 3.5 Акциски план

| Фази на проектот | Теми за консултација | Користен метод | Засегнати страни | Одговорна институција |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка | Проектен план за комуникација вклучувајќи и ПЛУОЖССА, ПВЗС и ПУОЖССА | Јавна расправа | Училишта, родители, локална заедница, општини, невладини организаци и | МОН/ЕУП |
| Имплементаци ја | Информирање на засегнатите страни за проектниот план и неговиот прогрес | Работилни ца/ онлајн работилни ца | Сите засегнати страни кои учествуваат во проектот | МОН/ЕУП |
| | Ефективни стратегии за учење за да се поттикне посетеноста на училиште, обезбедување на дополнителна настава за слаби ученици и подобрување на резултатите од учењето на ранливите групи, како што се учениците Роми, особено девојчиња Роми, ученици со попреченост, ученици од домаќинства со ниски приходи итн. | Фокус групи | Родители, ученици | Училишта |
| | Отворен ден во училиштата за родителите на учениците од ранливи | Отворени денови | Родители, ученици | Училишта |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | категории (Роми, домаќинства со ниски примања, ученици со попреченост) со цел да се покренат прашања за потенцијална дискриминација, врсничко насилство итн. | | | |
| | Консултации и учество во подготовка на извештаи за самоевалуација | Состаноци (лично или онлајн) | Училишни одбори (родители, наставници, ученици, стручни соработници, општини) | Училишта |
| | Консултации и учество во подготовка на Развојна програма | Состаноци (лично или онлајн) | Училишни одбори (родители, наставници, ученици, стручни соработници, општини) | Училишта |
| | Членовите на училишниот одбор задоволни од нивниот ангажман за време на подготовките за Развојната програма | Истражување за вклученост на граѓаните (базично и последователно истражување) | Училишни одбори (родители, наставници, ученици, стручни соработници, општини) | МОН/ЕУП |
| | Евалуација на грант програмата | Истражување за евалуација на влијанието | Училишта, училишни одбори, ученици, наставници, | МОН/ЕУП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | о (базично и последователно) | ранливи групи | |
| Завршна фаза | Резиме на работата, постигнатите резултати и евалуацијата | Анкети, фокус групи, повратни информации од учениците / наставниците | Сите | МОН/ЕУП |

### 3.6 Преглед на коментари

Сите активности за консултации што се одржуваат во рамките на проектот ќе бидат засновани врз принципот на инклузивност и соработка со локалната заедница и ќе се стремат кон вклучување на сите групи на локално ниво, вклучувајќи ги и учениците, наставниците, родителите, општинската администрација итн. Доколку е потребно, ќе се обезбеди логистичка помош за да им се овозможи на лицата со ограничени физички способности и на оние со недоволно финансиски и/или превозни средства да присуствуваат на јавни состаноци закажани од страна на проектот. Во случај кога луѓето нема да бидат волни или ќе нема да можат да учествуваат на состаноците на кои ќе бидат присутни голем број на луѓе, проектот ќе одржи одделни дискусии во мала група на лесно достапно место. Од страна на проектот ќе бидат обезбедени различни начини на комуникација (писмена, вербална, употреба на застапник / преведувач доколку е потребно). Сите повратни информации од засегнатите страни ќе бидат внимателно разгледани и максимално земени предвид, во согласност со целите на проектот. Ова особено се однесува на одговорите добиени преку различни проценки на потреби и проценки на подготвеност за промени спроведени во рамките на проектот (подготвеност за премин на едносменско работење на училиштата, подготвеност за воведување на целодневен модел на настава, опременост, наставни и дидактички помагала, градежни потреби и сл.).

### 3.7 Планирани активности за информирање и комуникација

МОН има искуство со веќе воспоставени механизми за комуникација со јавноста за други различни проекти. Одговорно лице од МОН редовно ја ажурира веб страната со новости, известувања и извештаи за тековните проекти.

Механизмот за поднесување поплаки во врска со ПВЗС за ПУОО ќе биде достапен на веб-страницата на МОН (http://mon.gov.mk/) преку кој граѓаните ќе можат да ги доставаат сите поплаки/коментари поврзани со ПУОО.

***Проценка на животната средина и социјалните аспекти на ПУОО:***

**По спроведената анализата на проектните активности во рамките на Проектот за унапредување на основното образование (ПУОО) може да се заклучи дека спроведувањето на ПУОО ќе има умерено влијание врз животната средина**

## 4 РЕСУРСИ И ОДГОВОРНОСТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

Проектот ПУОО ќе се спроведува од страна на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија како одговорна институција во соработка со БРО, ДПИ, ДИЦ и Министерството за финансии (МФ).

### 4.1 Ресурси

| Категории на буџет | Количини/Години | Вкупни трошоци | Забелешки |
|---|---|---|---|
| **1. Плати за вработените и слични трошоци** | | | |
| *1a. Грант координатор и Специјалист за социјални аспекти* | 4.5 | 200.000 | |
| *1b. Експерт за животна средина* | 4.5 | 60.000 | |
| **2. Настани** | | | |
| *2a. Јавни расправи* | 2 | 25.000 | |
| *2b. Организирање на фокус групи* | 50 | 25.000 | |
| **3. Комуникациски кампањи** | | | |
| *3a. Материјали за дисеминација* | 100.000 | 10.000 | |
| *3b. Кампања преку социјални медиуми* | 1 | 70.000 | |
| *3c. Теренски активности поврзани со ранливи групи* | 10 | 10.000 | |
| **4. Обуки** | | | |
| *4a. Обуки за ЕУП поврзани со прашања за социјална/животна средина* | 2 | 10.000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5. Истражувања** | | | |
| ***5а. Истражување за вклученоста на граѓаните*** | **2** | ***20.000*** | |
| | | | |
| **6. Механизам за поднесување на поплаки** | | | |
| ***6а. Обука на комисија за механизмот за поднесување поплаки*** | **5** | **5.000** | |
| | | | |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ:** | **435.000 евра** | | |

### 4.2 Функции и одговорности на раководството/вработените

Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија е главната одговорна институција за спроведување на ПУОО.

Единицата за управување со проектот (ЕУП) е одговорна за целокупната имплементација на ПУОО, планирање и координација на проектот, набавки, следење на активностите на проектот и известување.

Управувањето, координацијата и имплементацијата на ПВЗС и неговите интегрални задачи ќе бидат одговорност на Грант координаторот и специјалистите за социјални аспекти.

## 5 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОПЛАКИ (МПП)

Во рамките на Министерството за образование и наука на РСМ (www.mon.gov.mk), е воспоставен онлајн механизам за поднесување поплаки, вклучително и регистар на поплаки. Целта на овој механизам е да ги информира сите засегнати страни за процедурите за поднесување поплаки во врска со проектните активности и за добивање одговор на доставената поплака.

Покрај онлајн механизнот за поднесување поплаки, сите коментари/проблеми/жалби ќе можат да се достават до МОН и вербално (лично или по телефон) или во писмена форма со пополнување на образецот за поплаки на проектот (со лична достава, пошта, факс или е-пошта до назначеното лице за контакт при МОН). Поединците кои доставуваат коментари или поплаки имаат право да побараат нивното име да се чува во тајност. Поплаките можат да бидат поднесени анонимно, иако во такви случаи, лицето нема да добие одговор. На сите коментари и поплаки ќе се одговори или вербално или во писмена форма, во согласност со избраниот метод на комуникација наведен од страна на подносителот, доколку се дадени информации за контакт на подносителот.

### 5.1 Повратни информации до подносителот на поплаката/коментарот во врска со донесеното решение

Веб-страницата на МОН содржи јасни информации за тоа како може да бидат доставени повратни информации на прашањата, коментарите и поплаките од која било засегната страна,

вклучувајќи и можност за поплаки по електронски пат. Исто така, веб-страницата содржи информации за начинот на работа на комисијата за жалби и поплаки, како во однос на процесот на работа, така и во однос на роковите.

ЕУП во рамките на МОН го имплементира механизамот за поднесување поплаки за да се осигура дека тој одговара на било какви проблеми и поплаки особено од засегнатите страни и заедниците. Специјалистот за мониторинг и евалуација е биде одговорен да следи и води евиденција за МПП и да доставува полугодишни извештаи до Светска банка.

МПП ги вклучува следните чекори:

**Чекор 1**

**Потврда за прием на поплаката**

ЕУП ќе достави потврда до подносителот за референтниот број на поплаката, како што е запишан во регистарот на поплаки. Исто така, ќе бидат доставени и информации за лицето одговорно за следење на поплаката и неговите/нејзините контакт податоци.

**Чекор 2**

**Истражување**

ЕУП ќе направи истражување во однос на поднесената поплака со можност за контакт со подносителот на поплаката доколку се потребни дополнителни информации.

**Чекор 3**

**Решавање на поплаката**

Одговорот на поплаката ќе биде доставен во рок од 15 дена доколку се установи дека поплаката не е поврзана со проектните активности.

**Чекор 4**

**Следење**

ЕУП може да го контактира подносителот во подоцнежна фаза од проектот за да провери дали активностите не претставуваат некаков понатамошен проблем.

Поконкретно, номинираните и обучени вработени ги запишуваат информациите за поплаките во дневникот за поплаки. Ова вклучува:

- Име на засегната страна и детали за контакт;
- Детали за поплаката: како и кога е поднесена, потврдена, решена и затворена.

Сите поплаки се проверуваат од страна на ЕУП, се запишуваат во Регистарот на поплаки со доделен број на поплака и се потврдени во рок од 15 календарски дена. Регистарот ги содржи сите потребни елементи за разделување на поплаките по пол на лицето што ја поднесува поплаката, како и според видот на поплаката. Секоја поплака која е запишана во регистарот, ги содржи следниве информации: а) опис на поплака, б) датум на прием на поплаката и кога потврдата за прием му е вратена на подносителот; в) опис на преземените активности (истрага, корективни мерки и превентивни мерки); г) датум на решавање и затворање и доставување на повратни информации до подносителот.

Во случај кога поплаката е неопределена или не е доволно јасна, во интерес на засегнатите страни, ЕУП помага во формулирање / преформулирање со цел поплаката да стане јасна.

Доколку ЕУП не е во можност да ги реши прашањата покренати со непосредно корективно дејство, ќе се идентификува долгорочно корективно дејство. Подносителот ќе биде информиран

за предложената корективна акција и ќе се овозможи следење на корективната акција во рок од 25 календарски дена по потврдувањето на поплаката. Во ситуација кога ЕУП не е во можност да реши одредено прашање поднесено преку механизмот за поднесување поплаки или доколку не е потребно дејство, ќе се обезбеди детално објаснување зошто прашањето не е решено. Одговорот исто така ќе содржи објаснување за тоа како лицето / организацијата што ја поднело поплаката може да ја продолжи постапката во случај резултатот да не биде задоволителен. Подносителите можат да покренат други правни процедури во секое време, во согласност со правната рамка на Република Северна Македонија, вклучително и формална судска жалба.

### 5.2 Систем на Светска банка за решавање по поднесени поплаки

Заедниците и поединците кои веруваат дека проект поддржан од Светска банка (СБ) има влијание врз нив, можат да поднесат поплака преку постојните механизми за поднесување поплаки на ниво на проект или преку Систем за решавање по поднесени поплаки на Светска банка (СРПП). СРПП гарантира дека примените поплаки ќе бидат веднаш разгледани со цел да се решат проблемите поврзани со проектот. Заедниците и поединците погодени од проектот можат да поднесат поплака до независниот инспекциски панел на СБ, кој утврдува дали настанала штета или може да се случи штета како резултат на неусогласеност со политиките и процедурите на СБ. Поплаките може да бидат поднесени во секое време откако претходно директно до СБ е укажано за проблемот, а на раководството на Банката му била дадена можност да одговори. За информации за тоа како да поднесете поплаки до корпоративната услуга на Светска банка за решавање поднесени поплаки, посетете го следниот линк *http://www.worldbank.org/en/projects-operations/products-and-services/grievance-redress-service*.

За информации како да поднесете поплаки до Инспекцискиот панел на Светска банка, посетете ја веб-страницата *www.inspectionpanel.org*.

***Информации за контакт за прашања и поплаки:***

___________________________

**Проект за унапредување на основното образование (ПУОО)**
**Министерство за образование и наука**
**ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Е-маил: _____________________**

## 6. МОНИТОРИНГ И ПОДНЕСУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ

Следењето и проценката на процесот на вклучување на засегнатите страни е од суштинско значење за да се осигура дека МОН е во состојба да одговори на идентификуваните прашања и да го смени распоредот и природата на активностите за вклучување на засегнатите страни со цел нивното вклучување да биде поефикасно. Следните карактеристики ќе помогнат за успешно вклучување на засегнатите страни:

- Транспарентност на сите активности;
- Промовирање на вклученоста на засегнатите страни;
- Доверба во МОН и другите клучни институции искажана од сите релевантни засегнати страни;

- Доволно ресурси за вклучување;
- Вклучување на клучни групи на интеракции со засегнатите страни.

Следењето на процесот на вклучување на засегнатите страни овозможува да се процени ефикасноста на процесот. Поконкретно, со идентификување на клучните индикатори на успешност што ги рефлектираат целите на ПВЗС и специфичните активности и временски рамки, можно е да се следи и оцени преземениот процес.

Клучни индикатори на успешност

- Број на поднесени поплаки;
- Број на решени поплаки.

Со цел да се обезбедат резултати од процесот на вклучување на засегнатите страни (број на поднесени поплаки, број на решени поплаки) и имплементацијата на проектот, МОН има обврска да подготвува извештај за мониторинг на годишно ниво.

МОН ќе биде одговорно за следење на сите активности на засегнатите страни поврзани со проектот, ажурирање на овој ПВЗС и известување на засегнатите страни.

## 7. ПРИЛОЗИ

**Анекс А**

**Листа на засегнати страни во областа на ПУОО**

| Име на институција | Веб страна | E-mail | Телефон |
|---|---|---|---|
| Биро за развој на образование | https://www.bro.gov.mk/ | bro.macedonia@bro.gov.mk | +389 2 3064 131 |
| Државен испитен центар | http://dic.edu.mk/ | dic@dic.edu.mk | +389 2 3228 866<br>+389 76 490 310 |
| Државен просветен инспекторат | http://dpi.mon.gov.mk/ | dpi@mon.gov.mk | +389 23140 103 |
| Министерство за образование и наука- Сектор за основно образование | http://www.mon.gov.mk/ | elena.ivanovska@mon.gov.mk | +389 2 3117 896 |
| Министерств | http://www.mon.gov.mk/ | milka.masnikosa@mon.gov.mk | +389 2 3117 896 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| о за образование и наука-Сектор за нормативно-правни работи | | | |
| Министерство за образование и наука-Одделение за стратешко планирање | http://www.mon.gov.mk/ | biljana.trajkovska@mon.gov.mk | +389 2 3117 896 |

**Анекс Б**

**Образец за поднесување поплаки на проектот**

| **Референтен број** | |
|---|---|
| **Име и презиме (опционално)**<br>☐ **Сакам да ги поднесам моите поплаки анонимно.**<br>☐ **Барам да не се открива мојот идентитет без моја согласност.** | |
| **Информации за контакт**<br><br>**Ве молиме означете како сакате да Ве контактираат (пошта, телефон, е-пошта).** | ☐ **Пошта:** ***Ве молиме наведете адреса за контакт:*** ______________________________________________<br>______________________________________________<br>______________________________________________<br>__________<br>☐ **Телефон:** ______________________________________________<br>☐ **Е-пошта:** ______________________________________________ |
| **Јазик за комуникација** | ☐ **Македонски**<br>☐ **Албански**<br>☐ **Друг:** __________________ |
| **Пол** | ☐ **Женски**<br>☐ **Машки** |
| | |
| **Опис на** | Што се случи? Каде се случи? На кого се случи тоа? |

| **инцидентот/поплаката** | Кој е резултатот од проблемот? |
|---|---|
| | |
| **Датум на инцидентот/поплаката** | |
| | ☐ **Еднократен инцидент / поплака (датум_________________)**<br>☐ **Повеќекратен инцидент / поплака (колку пати?______)**<br>☐ **Во тек (моментално се соочувате со проблемот)** |
| | |
| **Што би сакале да се случи по поднесувањето на поплаката?** | |
| | |

Потпис: _________________________________
Датум: _________________________________

*Ве молиме вратете го овој формулар на:*
*До: ____________________*
*Е-маил: __________________________*
*Проект за унапредување на основното образование*
*Министерство за образование и наука*
*ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, Република Северна Македонија*